Центар за истражување и анализи
НОВУС

# ПОСТИГНУВАЊА ВО 2023

Во текот на 2023 година, Центар за истражување и анализи НОВУС постигна значителен напредок. Годинава што минува, нашиот тим сè повеќе се прошири и продолжува со креативност и професионализам! Горди сме што успеавме да привлечеме нови талентирани луѓе и што градиме позитивна заедница која постојано расте. Во текот на 2023, нашите проекти не престанаа да ги инспирираат и задоволуваат очекувањата на младите па и пошироката заедница. Од година во година се стремиме кон професионалност, квалитет во изведбата на секој проект и кон совршенство во секој детал, а нашите успеси се резултат на трудот и посветеноста на целиот тим.

**Среќни сме што во текот на 2023 година, нашата организација постигна повеќе значајни успеси и и со гордост ги споделуваме нашите достигнувања:**

- **Прославивме 10 години постоење,** овој значаен јубилеј одбележува деценија на нашата посветеност и се надеваме на уште многу години успешна работа во годините што следат.
- **Успешно имплементирани 11 проекти**, илустрирајќи ја наша способност за усовршување и извонредност.
- **Започнати 7 нови проекти**, кои ќе не водат кон одржливост, иновација и развој.
- **Спроведени повеќе од 10 истражувања**, кои ги потврдуваат нашите компетенции во истражувања и квалитетни анализи во повеќе области.

- **Втор пат успешно организиран Младински Фестивал со над 100 млади по повод Меѓународен ден на младите**, продолжувајќи со поддршка и инспирација на младински активизам.
- **Партнерство во повеќе од 8 ЕРАЗМУС+ проекти со околу 40 различни земји**, демонстрирајќи ја нашата меѓународна соработка.
- **Успешно организирана младинска размена со 40 учесници од Италија, Полска, Грција, Романија и Македонија**, потврдувајќи го нашиот посветен ангажман кон висок степен на меѓународна соработка и размена на идеи и искуства со други земји.
- **Успешно организирана Академија за развој на бизнис вештини со 20 жени претприемачи**, подигнувајќи ја свеста за рамномерност и инклузивност во бизнис заедницата.
- **Организирана Конференција за зајакнување на Женско Лидерство и претприемништво во Југоисточниот регион со повеќе од 100 учесници**, ги промовиравме и поддржавме жените како важни катализатори за промени и иновации во бизнисот и лидерството.
- **Организирани повеќе од 70 работилници, настани и тренинзи**, преку кои придонесуваме кон едукација и заедничко развивање.
- **Вклучување на повеќе од 100 волонтери на настани во текот на годината**, каде што секој волонтер придонесе кон развојот на нашата мисија.
- **Во текот на годината успешно реализираме 4 младински клубови за активизам, учиме право, дебата и новинарство. Во овие клубови активно се вклучени 70 млади ентузијасти**, што го обележува нашиот посветен напор за образование и заедничко развивање.
- **Успешна соработка со 3 средни училишта во Струмица, преку кои успешно реализиравме 3 младински иницијативи на кои учествуваа повеќе од 100 млади средношколци**, истакнувајќи го значењето на нашето ангажирање за поддршка на образованието и активизмот во локалната заедница.
- **Годинава заедно со нашите партнери преку два проекти обезбедивме финансиска подршка за 13 младински иницијативи и акции, 6 мали регрантови од проектот Yoluth Agents of Change и 8 мали грантови од проектот Community Investment platform**, со цел

поттикнување на промени во заедниците низ целата држава, преку поддршка на креативни и иновативни идеи.

- **Ја креиравме Стратегијата за млади на општина Струмица за периодот од 2023 до 2027 со Акциски план која годинава беше усвоена**, што ја потврдува нашата ангажираност кон развојот на младинските политики за подобрување на заедницата во наредните години.
- **Успешно спроведена Младинска Гранација во 4 општини во Југоисточниот регион, каде што преку 5 теренски работници информиравме 277 млади и 100 компании за предностите и можностите што ги нуди програмата**, поддржувајќи го напорот за подобрување на младинската вработеност во нашиот регион.
- **Склучени 3 меморандуми за соработка со значајни чинители во општеството,** што придонесува кон проширување на можностите за заедничко делување и развој.
- **2 нови сертифицирани Младински Работници преку Сојуз за младинска работа,** кои го потврдуваат нашиот ангажман за стручност и високи стандарди во областа на младинската работа**.**
- **Достигнат опфат од 67.000 посетители на Facebook,** рефлектирајќи ја нашата транспаретност и посветеност.
- **Само во последните 3 месеци 22.000 посетители на Instagram,** што го зголемува нашиот импакт и влијание.

**Се надеваме дека ќе продолжиме заедно во 2024та година со иста енергија и мотивираност за што поголеми достигнувања, поголеми цели и нови успеси!**

Среќни Празници и Среќна Нова 2024 година!
Тимот на ЦИА НОВУС